МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Март 2011
БРОЈ 115

Обука за стратешко управување

МЦМС за своите вработени, од 17 до 19 март 2011 година ја спроведе обуката за стратешко управување.


На обуката беа разговарани и низ практична работа применувани алатките за стратешка анализа и тоа за проценка на надворешната средина како и за анализа на внатрешната способност на организацијата.



Вработените разговараа за стратешкиот избор на МЦМС на деловно и на корпорациско ниво, ги разгледуваа досегашните стратешки избори и даваа идеи за потенцијалните, идни, стратешки избори.

Обуката е дел од процесот на среднорочното планирање 2012-2015 година. МЦМС практикува внатрешни и надворешни оценки како и широки дискусии, со намера да ги слушне сите идеи за идниот развој.

Обуката ја спроведоа Сашо Клековски и Александар Кржаловски, членови на Одборот на директори на МЦМС.



Водичот и сите урнеци за потребните документи за пререгистрација може да се пеземат на следнава адреса:

www.bit.ly/preregistracija

Рокот за пререгистрација истекува на 24 април 2011 година.

Се финализира Индексот на граѓанското општество

„Потребно е понатамошно меѓусебно запознавање и признавање на граѓанските организации", беше пораката што провејуваше во текот на Националната работилница Цивикус - Индексот на граѓанското општество (ИГО) што ја одржа МЦМС на 29 март 2011 година во Скопје.

Авторите ги презентирани наодите по сите пет истражувани димензии: граѓански ангажман, ниво на организација, практикување вредности, перцепција на влијанието и надворешна околина.

Учесниците на Националната работилница, во групи ги идентификуваа и дискутираа за јаките и слабите страни на граѓанското општество и предлагаа препораки. Граѓанското општество е силно благодарение на неговата разноличност, на флексибилноста, на иницијативноста за прашањата од општествен карактер, на човечкиот капитал со кој располага. Осврнувајќи се на слабостите на граѓанското општество, учесниците на идентификуваа дека постои јаз меѓу граѓанските организации и граѓаните, дека не се доволно транспарентни и дека не ги користат доволно широко распространетите социјални мрежи. Недостасуваат активности за најприоритетните општествени предизвици, а недостасуваат и показатели за успех.



Од пленарните дискусии на Националната работилница

Во препораките, учесниците побараа поголем акцент на одржливоста на граѓанските организации и обезбедувањето поголеми средства за нив. Препорачаа и воспоставување показатели за успех на активностите. Потребно е поместување од донесување на политиките кон спроведување и соработка во таа насока со сите актери. На граѓанските организации им е потребно интензивирање на односите со јавноста за да ги презентираат постигнувањата пред граѓаните.

Дискусиите од Националната работилница ќе бидат одразени во Националниот извештај што треба да биде публикуван во текот на април 2011 година. Ова е вториот таков извештај за Македонија, првиот го направи МЦМС во периодот 2004-2006 година.

Дискриминацијата по основа на етничка припадност - втора најзастапена

МЦМС ја истражуваше „Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност".

Мнозинството граѓани (53,3%) сметаат дека има дискриминација во Македонија, а дискриминацијата по основа на етничка припадност е втора најзастапена (по политичката припадност). Регистрираната перцепирана дискриминација од 67,7% е повеќе од двојно поголема отколку доживеаната (како жртва или сведок) - 31,9%. Преовладува мислењето дека дискриминацијата е зачестена во последните 5 години.

Најчести области на дискриминација, според личните искуства на граѓаните се: работните односи (вработувањето), услугите во јавниот сектор (јавна администрација, а особено полицијата и здравствените услуги), но и во приватните услуги (кафе-барови, дискотеки, базени), како и образованието.

Мнозински се мислењата дека во секторите здравство, образование, правосудство и безбедност/полиција има дискриминација. Етничките Албанци сметаат дека има поистакната дискриминација во секторите земјоделство и култура. Повеќе граѓани (79%) мислат дека дискриминацијата во вработувањето е почеста во државниот, отколку во приватниот сектор (54%).

Се уште има мнозинска поддршка (57,9%) припадник на друга етничка заедница да биде избран на висока политичка функција, но помалку во однос на 2009 година (66%).

Големо мнозинство, 72% граѓани би пријавиле случај на дискриминација по основ на етничка припадност, доколку им се случи нив или бидат сведоци. Тоа не е во согласност со бројот на пријавени случаи во институциите последниве години кој изнесува околу 20 случаи годишно – сите кај Народниот правобранител на РМ). Иако перцепцираат дискриминаторско постапување на полицијата, тоа е институцијата кон која прво би се обратиле најголем дел од граѓаните во случај на дискриминација.



Истражувањето е дел од проектите на МЦМС финансиски поддржани од ОБСЕ. Анкетата ја направи Институтот за демократија „Социетас цивилис", во декември 2010 г., на примерок од 1.074 испитаници, репрезентативен по основа на пол, етничка припадност и региони.

Политичка криза и предвремени избори

Институтот за демократија во соработка со МЦМС ги истражуваше перцепциите на јавноста за политичката криза, за импликациите од неа, за предвремените избори и за условите на опозицијата за одржување предвремени избори.

Големо мнозинство испитаници сметаат дека во Македонија има политичка криза (80,7 %), а за мнозинство од испитаниците (68,7 %) политичката криза ќе се одрази на економијата, додека меѓуетничките односи и (21,8 %) и интегрирањето во ЕУ и НАТО (24,6 %) не зависат многу од неа. Мнозинство испитаници сметаат дека опозицијата треба да се врати во Собранието безусловно (51,1 %).

Мнозинство се и испитаниците кои сметаат дека треба да има предвремени избори (59 %). Граѓаните се со поделено мислење за тоа дали треба да се исполнат условите на опозицијата. За целосно исполнување на условите се изјасниле 31 % од испитаниците, а дека не треба да се исполнат сметаат 30,8 % од нив.

Граѓаните беа прашани за мислење за тоа кој ја блокирал сметката на А1 телевизија. Одговорите се поделени меѓу судот/јавното обвинителство (37,7 %), Владата (29,2 %) и оние кои немаат одговор (24,2 %). Малцинство од 41,7 % сметаат дека не треба да се одблокира сметката за да има предвремени избори, а 34,7 % сметаат дека треба да се направи тоа.

Поделени се и мислењата за избирачкиот список. Малцинство од испитаните (36,2 %) сметаат дека списокот не е доволно прочистен за да има предвремени избори, спротивно мислат 24,2 % од испитаните, а 39,6 % не одговориле.

Истражувањето е спроведено на репрезентативен примерок од 1108 испитаници, во периодот од 5 до 7 март 2011 година. Во примерокот се запазени социодемографските специфики на населението на Република Македонија.

Информативни настани за пререгистрација на организациите

МЦМС организираше информативни настани за пререгистрација на здруженијата на граѓани и фондации.

Настаните беа организирани во Скопје и Битола, а учествуваа 114 организации. Целта на настаните беше да се информираат граѓанските организации што се треба да направат за пререгистрација на нивните здруженија и фондации.

За новините за пререгистрацијата присутните ги информираа Емина Нурединоска, раководител на одделението за граѓанско општество во МЦМС и Ленче Петрова Киранџиска од Централен регистар на Македонија. На настаните беше присутна и Јулијана Георгиевска од Министерство за правда. Презентацијата содржеше информации за следните прашања: Што и кога треба да се направи?; Како да се изврши подготовка на усогласување на актите?; Како да се спроведе постапката за усогласување на актите?; Кои документи треба да се приложат при пререгистрацијата?; Кои се разликите во содржината на статутите согласно претходниот и актуелниот закон?; Кои се други важни прашања на кои што треба да се внимава при пререгистрацијата?

На двата настани најчесто поставуваните прашања се однесуваа на тоа дали дејностите мора да се во согласност со Националната класификација на дејности, и дали може дополнително по потреба да се додаваат?; Зошто ЦРМ не е секаде усогласен во ставовите за наплаќање?; Дали и што се наплаќа за усогласување? Дали е задолжително во името на организацијата да стои здружение, односно фондација? Кои се последиците доколку не се пререгистрира организацијата? Дали веќе основаните фондации согласно стариот закон треба да доплаќаат за основачкиот влог? Дали ЦРМ го има предвид членот 52 од Уставот, а поврзано со неповратното дејство на законите? Дали може и дали треба да се направи промена на основачите на здружение? и сл.



Голем интерес за пререгистрацијата на здруженијата и фондациите

Присутните на двата настани беа информирани и им беше дистрибуиран кратокиот водич за пререгистрација изготвен од страна на МЦМС, како и за сите урнеци за потребните документи за пререгистрација.

Покрај хуманитарна, потребна е и друга поддршка

На 28 февруари и 1 март 2011 година, во Скопје, 25 претставници на граѓанските организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора разговараа за предизвиците на граѓанските организации, како и потребите од овозможувачка околина во ситуации на конфликт и постконфликтниот период. Работилницата „Дејствување на граѓанските организации во ситуации на конфликт" се одржа во рамките на глобалниот процес за ефективност на развојот на граѓанското општество во организација на МЦМС, БЦСДН, Цивикус и Опен форум.



ГО имаа успешни и корисни активности во времето на конфликтите и по нив

Конфликтите го менуваат фокусот на дејствувањето на постоечките граѓанските организации, истовремено поттикнувајќи го создавањето на нови граѓански здружувања.

Принципите на почитување на човековите права, транспарентност и отчетност и работа со другите тешко се следат во ситуации на конфликт. Партнерствата и соработката меѓу граѓанските организации се уште побитни за време на конфликтите, но и потоа во градењето мир и јакнењето на довербата.

Владите, донаторите и меѓународните организации треба да го следење почитувањето на човековите права, особено на новосоздадените малцинства. Донаторите покрај хуманитарната помош, треба да продолжат да ги поддржуваат и редовните активности на граѓанските организации во ситуации на конфликт, но и потоа. Често токму овие активности на граѓанските организации придонесуваат во решавање на конфликтот и помирувањето. Исто така потребно е и да се јакнат капацитетите на локалните заедници, за да бидат оспособени да продолжат да живеат во постконфликтниот период. Координацијата меѓу донаторите е неопходна за време на конфликтите, но и соработката меѓу нив, граѓанските организации и владата за да се овозможи ефективност на помошта. Граѓанските организации може и треба да бидат вклучени од страна на владите во постигнувањето решение на конфликтот и во креирањето стратегии и политики. Слободата на изразување, здружување и мирно собирање не смее да биде прекината.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk